# ЗАПИСНИК
## од второ продолжение на 46–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
## одржано на 30.12.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, м-р Ивона Муфишева, м-р Емилија Јаневска, м-р Владимир Ѓорѓиески, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Арѓенд Целили, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори второто продолжение на 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека од 46-та седница, Точката бр.2 - Предлог-записник од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.12.2020 година беше одложена. Информира дека на таа седница бил отсутен и отвори дискусија за евентуални забелешки по однос на текстот.

Г-дин Фиданоски соопшти дека во текот на вчерашниот ден бил во просториите на Агенцијата и забелешките од неговата дискусија кои беа од технички карактер, правописни пред сѐ, со помош на вработените од одделението за поддршка на работата на Советот ги вградил во финалната верзија на Записникот.

Советот на Агенцијата со корекциите од г-дин Фиданоски, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Петрушевски го усвои Записникот од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.12.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-200/3**
**12.01. 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**